Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia

# НЕДЕЛНА АГЕНДА НА ЕВРОПСКА УНИЈА



## „Парламентаризам | EU-CELAC | Азил“

Оваа недела ќе се одржат повеќе состаноци на комисиите на Европскиот парламент, меѓу кои и состанокот на Комитетот за уставни прашања на кој во вторник ќе се гласа за извештајот за парламентаризмот, европското членство и демократијата. Неделниот состанок на Колеџот на комесари ќе се подготви за годишниот говор на претседателката на Европската Комисија, пред Европскиот парламент (State of the Union), додека во петок претседателката на Комисијата, Урсула фон дер Лајен ќе ја прими Светската награда за мир  и слобода во име на Европската комисија. Во четврток ќе се одржи Советот за надворешни работи, каде ќе се разменат размислувањата околу руската воена агресија против Украина. Министрите ќе разговараат и за надворешно-политичката димензија на економската безбедност како и дискусија за Турција.

ВИДИ ЦЕЛОСНА АГЕНДА

## Европска комисија

Во понеделник, претседателката Урсула фон дер Лајен ќе одржи говор на отворањето на Тркалезната бизнис маса EU-LAC 2023 година, додека извршниот потпретседател Франс Тимерманс ќе даде воведни забелешки на Тркалезната бизнис маса за енергетската транзиција на маргините на ЕУ. Во вторник, потпретседателката Вера Јоурова ќе зборува на првото издание на Re-Imagine Europa - вечерите на Валери Жискар д'Естен насловено „Медиуми, демократија и поларизација“.

ПРОЧИТАЈТЕ ПОВЕКЕ

## Европски парламент

Во понеделник, комитетот за граѓански слободи, правда и внатрешни работи ќе го презентира Годишниот извештај за состојба на азил во Европската унија – Извештај за азил за 2023 година, додека во вторник комитетот за надворешни работи ќе гласа за односите меѓу ЕУ и Швајцарија. Во среда, поткомитетот за човекови права ќе одржи дебата за зајакнување на правото за учество: легитимност и издржливост на изборните процеси во нелибералните политички системи и авторитарни режими.

ПРОЧИТАЈТЕ ПОВЕКЕ

## Советот на Европска унија

Понеделник и вторник, третиот самит на лидерите на ЕУ и на Заедницата на државите од Латинска Америка и Карибите (ЦЕЛАЦ), кој се очекува да придонесе за натамошно зајакнување на партнерството меѓу Унијата и земјите од латиноамериканскиот и карипскиот регион. Исто така, ќе се разговара за заедничка работа за постигнување на фер и зелена дигитална транзиција, но и на демонстрација на заедничка посветеност на почитување на меѓународен поредок базиран на правила. Други точки на дневниот ред вклучуваат напори за борба против климатските промени и правдата и безбедноста за граѓаните.

ПРОЧИТАЈТЕ ПОВЕКЕ